ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 64**

**Скопје, 14.11.2018 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**ДЕЛ 1 - Реферати за избор во наставно-научни, насловни и соработнички звања**

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од обласста на граѓанско право на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје – Кимо Чавдар

**Стр. 8**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од обласста на Управно право и право на Европската унија на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје – Василка Салевска Трајкова

**Стр. 12**

**РЕФЕРАТ**

за избор на наставник во сите насловни звања, за област фискална економија на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје – Мишо Николов

**Стр. 16**

**РЕФЕРАТ**

за избор на два асистенти во соработничко звање, за област менаџмент на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје – Ивона Милева и Марија Андонова Начова

**ДЕЛ 2 – Статути на единиците на Универзитетот Американ Колеџ Скопје**

**Стр. 20**

СТАТУТ на Факултетот за деловна економија и организациони науки

**Стр.28**

СТАТУТ на Факултетот за архитектура и дизајн

**Стр.35**

СТАТУТ на Факултетот за компјутерска техника и информатика

**Стр.42**

СТАТУТ на Факултетот за политички науки

**Стр. 49**

СТАТУТ на Факултетот за странски јазици

**Стр.56**

СТАТУТ на Факултетот за правни науки

**Стр. 63**

СТАТУТ на Меѓународната школа за архитектура и дизајн

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 15-1493/3 од 28.09.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки, одржана на 28.09.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник по сите наставно-научни звања по група предмети од областа на граѓанско право на Факултетот за Правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен„ на ден 10.09.2018 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Вонреден професор Д-р Кимо Чавдар*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за Правни науки да му го поднесеме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Д-р Кимо Чавдар, вонреден професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ во Скопје е роден на 15.04.1967 година каде што завршил основно и средно образовани во гимназијата „ Никола Карев„.

Во 1986 година по отслужување на воениот рок, се запишува на Правниот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и дипломира во јуни 1992 година. Заради стекнување стаж за полагање на правосуден испит, волонтирал 2 години кај адвокат, а потоа во јуни 1994 година го положи правосудниот испит. Кандидатот има богато работно искуство во полетото на неговото научно истражувачко работење и тоа, од мај 1994 година до октомври истата година работи во МВР како приправник, од Октомври 1994 година работи како стручен соработник во Апелациониот суд Скопје, главно на граѓански предмети, а од февруари 2002 година е именуван за Заменик Јавен правобранител на РМ за подрачјето на Град Скопје. Од Јули 2002 година работи како Директор за правни и општи работи во Македонска банка АД Скопје, додека од октомври 2003 година работи како адвокат во Скопје.

Во период од 2007 до 2009 година на Универзитетот Американ колеџ Скопје одржува настава, како експерт од пракса, на Факултетот за деловна економија и организациони науки по предметот "Правна основа на бизнисот", а од октомври 2009 година е избран за доцент на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје. Во март 2014 година е избран за вонреден професор по група предмети од областа на граѓанско право. Во текот на своето работење во стручната и научната работа обработува теми главно од граѓанското право, па во ноември 2001 година на Правниот факултет при УКИМ во Скопје ја одбрани магистераската теза под наслов "Право на слободно и одговорно родителство". На ден 19.02.2009 година на Институтот за социлошки и политичко правни истражувања во Скопје ја одбрани докторската теза "Политичко правни аспекти на денационализацијата на присилно одземените имоти во Република Македонија".

***Наставно-образовна и научно-истражувач кадејност***

Во рамките на наставно-образовната дејност кандидатот Д-р Кимо Чавдар на Факлутетот за правни науки при УАКС изведуваа настава на прв циклус студии по предметите: Римско право, Граѓанско и стварно право, Трговско право, Облигационо право и Граѓанско парнично право  додека на Факлутетот за деловна економија и организациони науки при УАКС изведува настава по предемтот "Правна основа на бизнисот". Кандидатот Д-р Кимо Чавдар исто така изведува настава на втор циклус студии на Факултетот за правни науки при УАКС по предметите: Судско право, Граѓанско право - практични примери, Облигационо право - практични примери, Вонапарнично право и извршување и Трговско право - практични примери.  На трет циклус студии кандидат Д-р Кимо Чавдар изведува настава по предметот Теории за граѓанското субјективно право.

Кандидатот бил ментор и учествувал како член во комисии за оцена и одбрана на повеќе од 20 магистерски трудови. Кандидатот во текот на одвивањето на наставно - образовната и научно-истражувачката дејност има објавено и рецензирани учебници и тоа "Облигационо право", "Трговско право" и "Правна основа на бизнисот" како и авторизирани предавање кои се користат како учебно помагало во предметот "Граѓанско и стварно  право". Во текот на своето работење учествува на проектот за сузбивање на сивата економија во Република Македонија од кој проект произлезе и книгата "Grey economy in Republic of Macedonia", with the project number 72007 Germany, and ISBN 978-3-659-29653-6 -, објавена од  издавачката куќа "Lambert". Има учествувано и во петогодишниот проект - студија на Универзитетската клиника за Неврологија при Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ за Законска регулатива кај пациенти со епилепсија. Кандидатот Д-р Кимо Чавдар како коавтор има објавено и неколку коментари на закони кои ја потврдуваат неговата определба кон изучување и истражување на граѓанското право. Во 2008 година го има издадено "Коментарот на Законот за меѓународно приватно право". Во 2010 година бил рецензент на "Коментар на Законот за Катастар на недвижност". Во 2012 година издал "Коментар на Законот за облигационите односи". Во 2013 година издал "Коментар на Законот за управните спорови". Во 2014 година издал "Коментар на Законот за извршување", а во 2016 година, "Коментар на Законот за паничната постапка".

Д-р Кимо Чавдар по изборот во наставно-научно звање вонреден професор ги има објавено следните трудови:

- Cavdar K (2014) „EU Consumer Protection and the Implementationin Macedonia and Countries of Former Yugoslavia: Focus on Liability for Defective Products”  - OUT OF THE CRISIS: EU ECONOMIC AND SOCIAL POLICIES RECONSIDERED ISBN 978-608-4607-28-1 UACS Skopje (EBSCO)
- Sapuric Z, Andonov,M. Cavdar,K (2015) „Challenges of the harmonization of Macedonian environmental legislation with the EU  legislation” International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences (IJEES) Vol. 5 (2): 229-234 (2015), Plainfield, Illinois, USA (Global Impact Factor (GIF) IF= 2012: 0.425; 2013: 0.541; Indexed in Index Copernicus ICV= 2013 = 5.96; 2012: 5.68; 2011: 6.00;)
- Чавдар, К. Чавдар,К. „Приговорот и тужбите како правозаШтитни средства при присилно извршување во списанието„ -  „Правник„ бр.292/2016
- Pendarovski, S. Pachovski,V. Andonov, M. MIhajlovski.Z, Cavdar,K (2015) „On-line politics and voting: overcoming the democratic deficit„  Journal of Social Sciences Research Vol. 8, no.1 ISSN 2321-1091(Impact Factor 1.704 Indexed with Google Scholar,citefactor,  Scientific Indexing Service, JournalITOCs, Academic Keys, Iseek, Journals Detailed Informations, Base-Bielefeld Academic Seaech Engine, (I2OR), Desh Bhagat University, Harvard University(NASA ADS), DRJI. )

- Kimo Cavdar, Jasmina Dimitrieva, Zoran Sapurik (2015) : European Standards and Principles in the Law on Mediation in the Republic of Macedonia in view of European Directive 2008/52/EC on Cross Border Mediation EUROPEAN INTEGRATION: NEW PROSPECTS 10th annual international conference on European integration
- Nikodijevic D., Baneva N., Kedeva K., Petrovska C., Cavdar K., Stojkovska F (2016),, Legal issues of patient with epilepsy - a 5 year study,, The journal of the league against epilepsy of Republic of Macedonia Vol.15/16 no.47/48
- Чавдар, К. Чавдар,К. - „Петитумот на кондемнаторните тужби (тужбени бараања) кај одделни видови облигации,, - „Правник,, бр.298/2017
- Чавдар, К. Чавдар,К. „Застапувњето на странките во парницата преку полномошник, однсно преку овластено лице - орган на правното лице,, - „Правник,, бр.300/2016
- Чавдар, К. Чавдар,К. - „Одговорност за штета од неипсравен пориизвод,,- „Правник,, бр.308/2017
- Chavdar K., Andeva M., Kedeva K. (2017) ,,The influence of religion over family planning: the case of the Republic of Macedonia,, European Scientific Journal December 2017 edition Vol.13, No.35 ISSN: 1857 – 7881.
- Chavdar K., Andeva M (2018) „ Electronic signing of sale agreement - the case of Republic of Macedonia,, Economic Development year 20 No.1-2/2018, University “Ss.Cyril and Methodius”-Skopje Institute of Economics-Skopje UDC 347.451.47]:005.92:004.63(497.7) 334.012.621.64:347.451.47 (497.7).
- Чавдар, К. Чавдар,К. „Тужбите за бришење според Законот за катстар на недвижности од 2013 година и според Законот за сопственост и други стварни право,, - „Правник,, бр.310/2018
- Чавдар, К. Чавдар,К. „Побивање на договорт за порамнување, на судско порамнување, на порамнување во форма на нотарска исправа и на спогодба склучена кај медијатор,, - „Правник,, бр.312/2018
- Чавдар, К. Чавдар,К. „Трошоци во парничната постапка,, - „Правник,, бр.312/2018

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кимо Чавдар. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека вон. проф. д-р Кимо Чавдар искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Кимо Чавдар поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и

Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во областа граѓанско право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Кимо Чавдар, да биде избран во звањето *редовен професор* во научната област граѓанско право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Трајан Бендевски,
Факултет за правни науки Јустинијан Први, Универзитет
Св. Кирил и Методиј Скопје (професор во пензија) с.р.

Проф. д-р Тито Беличанец,
Факултет за правни науки Јустинијан Први, Универзитет
Св. Кирил и Методиј Скопје (професор во пензија с.р.

Проф. д-р Зоран Шапуриќ,
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА УПРАВНО ПРАВО И ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 19-1494/5 од 28.09.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на на 28.9.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник со насловно звање по група предмети од областа на Управно право и право на Европската унија на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Независен“, на ден 10.09.2018, и во предвидениот рок се пријави:

*Д-р Василка Салевска-Трајкова*

Врз основа на приложената документација од кандидатот чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Василка Салевска-Трајкова (1982) има 13 години професионално работно искуство во државна администрација. Нејзините клучни способности, стекнати преку професионални ангажирања во различни министерства, се од областа на европските интеграции, процесот на проширување и хармонизација на македонското законодавство со правото на ЕУ, координација со јавни, државни институции, невладини организациии и граѓански сектор, соработка со меѓународни организации, подготовка и ревизија на правни акти, менаџирање на проекти финансирани од странска помош, учество во аналитика при креирање на политики и стратешки цели во областа на образование, здравство, труд и социјална политика, институции каде го извршува својот ангажман. Стекнатите вештини и квалификации како резултат на долгогодишното работно искуство, Ѝ овозможиле унапредување по сите скалила на државната администрација.

Салевска-Трајкова ги бележи своите професионални почетоци во Секретаријатот за европски прашања (2005-2009), каде активно учествува во процесот на интеграција кон ЕУ од добивање на кандидатскиот статус на РМ па сé до денес. Во моментот ја извршува функцијата Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка во Министерството за труд и социјална политика. На оваа функција доаѓа во март 2018 година од Министсрството за здравство каде ја држи истата позиција од август 2011 година и каде е ангажирана во кабинетот на Министерот за здравство (2011-2018). Претходно, пред преминувањето во Министерството за здравство исто така е ангажирана во кабинетот на Министерот за образование и наука во областа на ЕУ интеграциите и меѓународната соработка (2009-2011).

Паралелно со професионалниот ангажман, кандидатот Салевска-Трајкова станува државен стипендист и е упатена на усовршување т.е. магистерски студии во 2007 година на Колеџот од Европа во Кампусот Натолин во Варшава, Полска, како дел од европските напредни интердисциплинарни студии, каде се стекна со звањето Магистер по управување и политики на ЕУ, со оценка 13,10 („good”), обработувајќи тема „Методи и стратегии за ефикасно искористување на Европските финансиски ресурси во определени европски држави (со компаративно споредување на Грција, Естонија и

Македонија)“.

Дополнително, докторските студии ги запишува на Правнипот факултет „Јустинијан први“ во 2009 година под менторство на проф. д-р Светомир Шкариќ, а за потребите на изработката на докторскиот труд е примена како гостин истражувач во „Макс Планк институт за компаративно јавно и меѓународно право“ во Хајделберг, Германија каде за време на својот престој ја изработува докторската теза. Таа јавно го одбранила трудот на 3.7.2014г. на тема „Процесот на проширување на Европската унија и Европското уставно право“.

Инаку, во однос на претходно стекнато образование, своето основно образование го завршува во Битола во ОУ „Ѓорги Сугарев“ со просек 5,00. Средно образование завршува во Гимазија „Јосип Броз Тито“ во Битола, со просек 5,00. Дипломирала на правниот факултет „Јустинијан први“ во 2005 година, следејќи го отсекот за Меѓународно право, со просек 8,71.

***Учество на образовни програми и обуки:***

Во текот на својата кариера Василка Салевска-Трајкова посетила голем број на образовни програми и обуки за стручно усовршување од областа на зајакнување на капацитетите на администрацијата, европските интеграции и менаџирање на проекти, и тоа:

1. European regional tobacco control leadership programme, John Hopkins, Blumberg school of public school, World Health Organisation, септември 2017

2. Висока административна обука за државни службеници (ВАО-2) за 2008 година, Ecole national d'administartion (l'ENA), Агенција за државни службеници, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Париз, Франција, ноември 2008

3. Школа за политика во Република Македонија, Совет на Европа, ФОРУМ - ЦСРД, Швајцарска агенција за развој и соработка, декември – јуни 2009

4. Летна школа за демократија на Школите за политички студии при Советот на Европа, Совет на Европа, Европска комисија, Стразбур, Франција, јули 2009

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатот е обучувач на Центарот за обука и тренинг за европски интеграции - Проект на Советодавни услуги во процесот на приближување на РМ кон ЕУ на Секретаријатот за европски прашања, од 2008 година, пренесувајќи го своето знаење и искуство на државните службеници од сите државни институции.

Салевска-Трајкова има положено правосуден испит во април 2018 година.

Во текот на својата професионална кариера има објавено повеќе научни и стручни трудови.

1. „Улогата на европскиот суд на правдата при креирањето на општите принципи на европскиот правен поредок“, Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, година 5, Штип 2015
2. „Перспективи на Европската Унија при постоење на европско уставно право“, Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, година 6, 2016
3. „Вредности и принципи на Европската унија - значење и улога во контекст на Европското Уставно Право“ Годишен зборник на Правниот факултет при

Универзитетот „Гоце Делчев“, година 7, Штип 2017

4. „Создавањето на европското уставно право низ процесот на европска интеграција“ Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Зборник на трудови, Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет Штип, 2017
5. Constitutional development and reforms in the Republic of Macedonia – challenges and perspectives”, *by* Vasilka Salevska-Trajkova, PhD and Prof. Tanja Karakamisheva-Jovanovska, PhD, објавено на шпански јазик во Editorial “The problematic of the constitutional reform, analysis and perspectives. America and Europe”, (достапно на Amazon: https://www.amazon.fr/Reforma-Constitucional-P…/…/B07D915J2B), Мексико, 2015

6. Списание за политичко општествени теми: ПОЛИТИЧКА МИСЛА “The National Council for European integration: A great leap towards the EU integration process”http://www.kas.de/proj/home/pub/42/2/year-2008/dokument_id-13405/index.html, Скопје, 2008

7. “Методи за ефикасна хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ- имплементација, рецепција, транспозиција”, МАНУ, Зборник од Научната расправа за методи на хармонизација на националното законодавство со правото на Европската унија одржана на 2 април 2008 година, Скопје, 2008

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на д-р Василка Салевска-Трајкова, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Василка Салевска-Трајкова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Василка Салевска-Трајкова поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен доцент во областа управно право и право на Европска унија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Василка Салевска-Трајкова, да биде избрана во звањето *насловен доцент* во научната област управно право и право на Европска унија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Зоран Шапуриќ,
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

вон. проф. д-р Стево Пендаровски,
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

доц. д-р Марина Андева,
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1434/35 од 21.09.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултет за економија и организациони науки, одржана на 21.09.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања за област фискална економија на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“ на 10.09.2018 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. *Д-р Мишо Николов*

Врз основа на приложената документација од кандидатот,на Наставно - научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Мишо Николов е роден во 1978 година во Скопје, каде завршил основно и средно образование со одличен успех. Додипломски студии завршил на Економски факултет во Скопје при Универзитет Св ”Кирил и Методиј” – Скопје„ насока Финансиско сметководствен менаџмент. Додипломските студии ги завршил со просек 8,3, при што успешно ја обранил дипломската работа во областа на Економија на осигурување.

Во 2003 година заминал на магистерски студии во САД, како стипендист на американското Министерство за надворешни работи (Department of State). Магистрира на Универзитетот Тексас А&М во областа економија (Economics) со просек 3.94 (од можни 4.0). За време на пост-дипломските студии во САД, работел за American Enterprise Institute – USA, каде учествувал во работата на тимот за анализа на надворешната трговија на САД со фокус на економските односи помеѓу САД и Кина.
Во 2010 година се запишал на Докторски студии во областа на економија на Економски институт во Скопје при Универзитет Св ”Кирил и Методиј” - Скопје. Во февруари 2014 година со успех ја одбранил докторската дисертација со наслов “Принципите на добро управување со јавните финансии со осврт на стабилноста и долгорочната одржливост на буџетската политика на Република Македонија”

Д-р Мишо Николов има богатно работно искуство. Веднаш по диломирањето на Економскиот факултет се вработил во ОН-НЕТ – првиот македонски интернет провајдер каде работел во Секторот за продажба, а подоцна и во Секторот маркетинг. Во 2002 година се вработил во Министерството за финансии, во Секторот за макроекономска политика, каде работел 8 години. Во 2009 година од страна на Градоначалникот на Град Скопје бил избран за Извршен директор на Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје, каде учествувал во реализацијата на бројни проекти меѓу кои: Проектот за обнова на возниот парк на ЈСП и изградба на жичарницата Милениумски крст на Водно.

Од 2015 година, д-р Мишо Николов почнал да работи во Народната Банка на Република Македонија како Самостоен аналитичар во Дирекција за монетарна политика и истражување, каде оперативно.работи во надворешниот отсек за подготовка и анализа

на Билансот на плаќања.

Кандидатот посетил бројни семинари и обуки од областа на Макроекономијата. Работел на бројни проекти од кои, според своето значење, можат да се издвојат следните: Проект добро Владеење во областа на Јавните финансии, Проект - подготовка на мерки за подобрување на извозот, нарачан од Стопанскаа комора на Македонија и др.

Д-р Николов е надворешен соработник во Универзитет Американ колеџ Скопје од 2007 година.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Мишо Николов во 2007 година бил назначен за надворешен соработник (истакнат стручњак од практиката) на Универзитет Американ Колеџ Скопје каде предава(л) повеќе предмети во рамки на додипломските студии организирани на Факултет за деловна економија и организациони науки. Тој предава предмети од областа на Економија и тоа “Јавни финансии“ во периодот 2010 – 2016 и “Еу – економикс“ во периодот 2016-2018 година. Предавањата ги изведува на англиски јазик.

Во изминатите пет години Д-р Мишо Николов ги објавил следните трудови во меѓународни списанија:

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2018) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| “The determinants of core inflation in the Republic of Macedonia” Journal of contemporary economic and business issues Volume 5, No1, 2018 | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. |
| “Determinants of NPL growth in Macedonia”, Neda Popovska-Kamnar, Miso Nikolov, Journal of Contemporary Economic and Business Issues, Vol.3 (2016) No.2 | Да, 2016 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вкупниот број на членови. |
| "Determinants of the international reserves in the Republic of Macedonia", Neda Popovska-Kamnar Miso Nikolov, Artan Sulejmani, CEA Journal of Economics, Vol 11, No 2 (2016) | Да, 2016 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. |
| An alternative view to the tax evasion: The effect of tax morale on paying taxes in Macedonia and EU countries, Article in Serbian Journal of Management · November 2013, DOI: 10.5937/sjm8-3776 | Да, ноември 2013. Утврдено според допис од уредникот на списанието до кореспоидентниот автор, во кој укажува дека бројот е предвидено да се објави во ноември 2013. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. |

***Општествена дејност***

Д-р Мишо Николов како студент на Универзитетот Тексас А&M во САД бил потпретседател на Интернационалната студентска организација, пред се како одговорно лице за финансиското работење на организацијата.

Кандидатот е еден од основачите на Центарот за економски анализи – ЦЕА, како невладина организација која се занимава со економски истражувања. Преку ЦЕА работел на бројни проекти корисни за општеството.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Мишо Николов и согласно одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува соодветен стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Тој врши континуирана наставна и научно – истражувачка работа, што ја потврдуваат неговата ориентација за систематски пристап кон проблемите од научно - истражувачката и наставната област која тој ја покрива.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Мишо Николов искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци Комисијата заклучи дека д-р Мишо Николов поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во областа фискална економија.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијатаму предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Мишо Николов, да биде избран во звањето *насловен доцент* во научната област фискална економија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Томе Неновски,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

Проф. д-р Евица Делова-Јолевска,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

Проф. д-р Марјан Петрески,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1434/9 од 21.09.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот деловна економија и организациони науки, одржана на 21.09.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистенти во соработничко звање од областа менаџмент на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен“ на ден 10.09.2018 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. *М-р Ивона Милева*
2. *М-р Марија Андонова Начова*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. ***М-р Ивона Милева***

***Биографски податоци***

М-р Ивона Милева е родена на 27.02.1993 година во Штип. Средното образование го завршува во Меѓународната Гимназија Нова (Nova Internatioanl School) во Скопје. Во текот на своето образование, таа се стекнува со диплома за учество на програмата за лидерство, самит организиран на Универзитетот Харвард (Harvard University), Бостон, САД.

Со високо образование се стекнува на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (University American College Skopje) во 2014 година. Дипломира во областа на деловна администрација, на насока финансии (Barchelors in Business Administration: Specialization in Finance), со просечен успех 3,32.

Во учебната 2014-2015 година се запишува на втор циклус (магистерски) студии на Меѓународниот Универзитет во Монако (International University of Monaco) во областа на луксузен менаџмент со фокус на луксузни стоки и услуги (Master of Science in Luxury Management: Specialization of Luxury Goods and Services). Студиите ги завршува во 2016 година, со просечен успех 3,15. Истата година го брани магистерскиот труд изработен врз основа на повеќе параметри: обавување на професионална практична работа во Хуго Бос (Hugo Boss), како и истражување и анализа на луксузната индустрија во Република Македонија.

Во учебната 2016-2017 година, кандидатката се запишува на трет циклус (докторски) студии. Нејзината докторска дисертација е во областа на менаџмент и организациони науки, со фокус на тестирање на VOX Organizationis – инструмент за мерење на организациско подредување.

Во својата биографија кандидатката зборува за своето познавање на страснки јазици. Покрај англискиот јазик, кандидатката м-р Ивона Милева ги познава следниве јазици: шпански, германски и почетен француски јазик. Нејзин мајчин јазик е македонскиот јазик.

Во моментот е главен академски координатор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

М-р Ивона Милева има учествувано во истражување и изработка на два труда и тоа:

- Bojadjiev,M., Tomovska,A.M., Mileva,I. (2017) Vox Organizationis-Instrument for Measuring Organziational Alignment,*Conference Proceedings LIMEN 2017*,Belgrade,Serbia

- Bojadjiev,M.,Hristova,S.,Mileva, I. (2018) Leadership Styles In Small And Medium-Sized Businesses: Evidence From Macedonian Textile Industry, *ACBSP Region 8 Conference*,Paris,France

***Општествена дејност***

- Involved in educational activities for children in the Orphanage
  Orphanage 11th October,Skopje,Macedonia
  2008-2011
- Involved in building simple and affordable housing for people in need
  Habitat for Humanity
  2008-2011

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Ивона Милева искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци Комисијата заклучи дека м-р Ивона Милева поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во областа менаџмент.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, м-р Ивона Милева, да биде избрана во звањето *асистент* во научната област менаџмент.

2. ***М-р Марија Андонова Начова***

***Биографски податоци***

М-р Марија Андонова е родена на 30.03.1979 година во Скопје. Дипломира на 10.05.2007 година на

Институтот за Математика при Природно-Математичкиот Факултет-Универзитет Свети Кирил и Методиј во Скопје на насоката наставна математика со просечен успех 7.00 и се стекнува со стучен назив-дипломиран професор по математика. Во 2008-мата година образованието го продолжува на Универзитетот Американ Колеџ Скопје на последипломски студии на програмата деловна економија и организациони науки на насоката менаџмент каде оствари просечен успех B+ (GPA 3.22) со 120 ЕКТС кредити и магистрира на 13.06.2013 со трудот “What drives the wage expectations of Macedonian students? A

comparative perspective" со особен успех со што се стекнува со назив магистер по деловна економија. Во 2016-та година се запишува на докторски студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје на насоката економија и се запишува на додипломски студии на Природно-Математичкиот Факултет-Институт за Математика на насоката математичка економија. На 20.02.2018 година дипломира на Природно-Математичкиот Факултет-Институт за Математика на насоката математичка економија со просечен успех 8.05 и освоени 260 ЕКТС кредити и се стекнува со стручен назив дипломиран математичар-инженер по математичка економија.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

М-р Марија Андонова е ангажирана во наставата на Универзитет Американ Колеџ Скопје на предметите: Business Mathematics и Introduction to Statistics for Business за студентите од SBE&M на
УАКС, Бизнис Математика и Вовед во Статистика за Бизнис за студентите на Факултетот за деловна економија и организациони науки на УАКС како и Mathematics и Calculus за студентите од
Факултетот за компјутерска техника и информатика од УАКС.
Кандидатот е автор на:

- Andonova, M. (2013) What drive wage expectations of Macedonian students. A comparative perspective, LAP Lambert Academic Publishing
- Andonova, M. and Mojsoska-Blazevski, N. (2015) Factors influencing the wage expectations among Macedonian students: a comparative perspective with the EU students, Croatian Economic Survey, Vol 17, pp. 71-110 со импакт фактор 0.16
- Andonova, M. and Nenovski, T. (2017) Characteristics and Macroeconomic Determinants of Youth Employment in Macedonia, Economic Development, Journal of Institute of Economics , 3/2017, pp. 133-151
- Karadja, A., Pachovski, V., Bojadziev, M. and Andonova, M. (2018) Digitalization of banking services as a driving force towards profitability – Comparative analysis of the Macedonian banking sector with a focus on the IT perspective, CiiT 2018, Mavrovo, 20-22.04, 2018, Proceedings of the 15th International Conference on Informatics and Information Technologies, Web proceedings (to be published)

На анонимно спроведените анкети на студентите на ФДЕИОН, на првиот циклус студии по предметните програми, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки.

***Општествена дејност***

М-р Марија Андонова е редовно вработена на Универзитет Американ Колеџ Скопје од 2009 година.
Претходно има работено како професор и наставник во СМУГС "д-р Панче Караѓозов", СУГС "Орце Николов" и ОУ " Васил Главинов" во Скопје. Има учествувано на повеќе семинари и обуки од областа на математиката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Марија Андонова Начова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци Комисијата заклучи дека м-р Марија Андонова Начова поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги

исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во областа менаџмент.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, м-р Марија Андонова Начова, да биде избрана во звањето *асистент* во научната област менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вон. проф. д-р Снежана Христова,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

Вон. проф. д-р Ана Томовска-Мисоска,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

Вон. проф. д-р Димитар Ковачевски,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје с.р.

---

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Факултет за деловна економија и организациони науки**

# С Т А Т У Т

**на Факултет за деловна економија и организациони науки**

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, на својата 11-та седница одржана на 19.10.2018 година, го донесе следниот

# С Т А Т У Т
**на**

# ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ

## 1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултет за деловна економија и организациони науки (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

### Член 2

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е прв според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

### Член 3

Факултетот работи под назив: Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје - Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФДЕИОН.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Business Economics and Management.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SBEM.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на Бул. "3-та Македонска бригада" бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

### Член 4

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 5- општествени науки, научни подрачја 503- економски науки и 506 - организациони науки и управување (менаџмент),

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата високостручна дејност, факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот, а по овластување и надвор од Универзитетот и се грижи за развој на тие дејности;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи во странство согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. РАКОВОДЕЊЕ И ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:

- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа.

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**

**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и експерти од практика кои предаваат на факултетот, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**

**Член 8**

Наставно-научниот совет:

- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- избира декан, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**

**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно - научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:

- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот и
- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна соработка на Универзитетот и
- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на наставно-научниот совет и која содржи: датум, место, ден, време на одржување на седницата и предлог на дневниот ред на седницата, со придружни материјали по прашањата што се предлагаат со дневниот ред за таа седница.

**Член 11**

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**

**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, Деканот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од Ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува Ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**

**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на Ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот, Ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Престанување на функцијата декан пред истекот на мандатот**

**Член 15**

На Деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на Деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, Ректорот назначува в.д. Декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**

**Член 16**

Деканот може да ги овласти продеканите за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**

**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу од 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три

години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава Деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со поширокота општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**

Катедри

**Член 18**

Катедра е организациона единица на Факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите наставници, соработници и експерти од практиката кои предаваат во тековниот семестар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФДЕИОН се:

- Катедра за менаџмент;
- Катедра за финансии – "Д-р Евгени Зографски";
- Катедра за маркетинг;
- Катедра за менаџмент на човечки ресурси;
- Катедра за сметководство и ревизија;
- Катедра за економија и бизнис (двојна диплома со Универзитетот Тор Вергата, Италија) и
- Катедра за општо образовни предмети.

**Член 19**

Катедрите се грижат за:

- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;
- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;
- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Стаутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, кој се избира од редот на универзитеските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра раководи со катедрата и ги води нејзините седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри истовремено.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:

- реализацијата на практиките на кои се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка на деловниот совет како Наставна база на факултетот**

**Член 22**

Организација која е членка на деловниот совет може да добие статус "Наставна база" на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:

- Еден или повеќе вработени во организацијата вршат настава на Факултетот, како наставници, соработници или експерти од индустријата;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се врши преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички услови за обавување на дел од практичната настава.

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно- научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на "Наставна база", има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФДЕИОН.

**Факултетско студентско собрание**

**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**

**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, Деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој статут и со Статутот на Универзитетот.

## 6. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 25**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентските прашања, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Вон. проф. д-р Снежана Христова**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Факултет за архитектура и дизајн**

# С Т А Т У Т
## на Факултет за архитектура и дизајн

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (“Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултет за архитектура и дизајн, на својата 15-та седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултет за архитектура и дизајн (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 2**

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е втор според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 3**

Факултетот работи под назив: Факултет за архитектура и дизајн Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФАД.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Architecture and Design.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SAD.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на Бул.“3-та Македонска бригада“ бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 4**

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, во рамки на добиените акредитации на студиските програми, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 2 – техничко –технолошки науки, научни подрачја 201-Архитектура, урбанизам и планирање и научно поле 6 – хуманистички науки, подрачје 607 – ликовна уметност.

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата исокостручната дејност, Факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:

- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**
**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и експерти од практика кои предаваат на факултетот, почесен професор и професор емеритус, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**
**Член 8**

Наставно-научниот совет:

- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**
**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно - научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:

- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот и

- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна сорабока на Универзитетот и
- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на наставно-научниот совет и која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот на дневниот ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Декан**
**Член 11**

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**
**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, Деканот:
- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од Ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува Ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**
**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на Ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот, Ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Разрешување на декан**
**Член 15**

На Деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:
- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на Деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, Ректорот назначува в.д. Декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**
**Член 16**

Деканот може да овласти продекани за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**
**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу од 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава Деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:
- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**
**Катедри**
**Член 18**

Катедра е организациона единица на Факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите наставници, соработници и експерти од практиката кои предаваат во тековниот сместар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФАД се:
- Катедра за архитектура
- Катедра за дизајн

**Член 19**

Катедрите се грижат за:

- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;
- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;
- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, кој се избира од редот на универзитеските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра раководи со катедрата и ги води нејзините седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри истовремено.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:

- реализацијата на праксите на кои се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка   на деловниот совет како Наставна база на факултетот**

**Член 22**

Организација која е членка на Деловниот совет може да добие статус “наставна база“ на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:

- Еден или повеќе вработени во организацијата изведуваат настава на Факултетот, како наставници, соработници или стучњаци од практиката;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се изведува преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички улсови за обавување на дел од практичната настава

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно- научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на “Наставна база“, има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФАД.

**Факултетско студентско собрание**

**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**

**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, Деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 25**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Мишко Ралев**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Факултет за компјутерска техника и информатика**

# С Т А Т У Т

на **Факултет за компјутерска техника и информатика**

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (“Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултет за компјутерска техника и информатика, на својата 129-та седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултет за компјутерска техника и информатика (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 2**

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е трет според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 3**

Факултетот работи под назив: Факултетот за компјутерска техника и информатика, Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФКТИ.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Computer Science and Information Technology.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SCIT.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на Бул. “3-та Македонска бригада“ бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 4**

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, во рамки на добиените акредитации на студиските програми, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 1 – природно-математички науки, научни подрачја 109 - Математика и 110 – Информатика и во научно поле 2 – техничко-технолошки науки, подрачје 211 – индустриско инженерство и менаџмент и 212 – компјутерска техника и информатика.

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата исокостручната дејност, Факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;

- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:

- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**

**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и експерти од практика кои предаваат на факултетот, почесен професор и професор емеритус, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**

**Член 8**

Наставно-научниот совет:

- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**

**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно - научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:

- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот и

- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна сорабока на Универзитетот.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на наставно-научниот совет и која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот на дневниот ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Декан**

**Член 11**

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**

**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, Деканот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од Ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува Ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**

**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на Ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот, Ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Разрешување на декан**
**Член 15**

На Деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:
- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на Деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, Ректорот назначува в.д. Декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**
**Член 16**

Деканот може да овласти продекани за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**
**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу од 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава Деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:
- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**
**Катедри**
**Член 18**

Катедра е организациона единица на Факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите наставници, соработници и експерти од практиката кои предаваат во тековниот сместар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФКТИ се:
- Катедра за софтверско инженерство и информациски системи;
- Катедра за компјутерски мрежи и безбедност;
- Катедра за роботика, вештачка интелигенција и обработка на сигнали;
- Катедра за програмирање и програмски јазици.

**Член 19**

Катедрите се грижат за:

- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;
- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;
- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, кој се избира од редот на универзитеските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра раководи со катедрата и ги води нејзините седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри истовремено.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:

- реализацијата на праксите на кои се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка   на деловниот совет како Наставна база на факултетот**

**Член 22**

Организација која е членка на деловниот совет може да добие статус “Наставна база“ на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:

- Еден или повеќе вработени во организацијата вршат настава на Факултетот, како наставници, соработници или експерти од индустријата;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се врши преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички услови за обавување на дел од практичната настава.

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно- научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на “Наставна база“, има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФКТИ.

**Факултетско студентско собрание**

**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**

**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, Деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 25**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Вено Пачовски**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Факултет за политички науки**

# С Т А Т У Т
**на факултет за политички науки**

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки, на својата 9-та седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултет за политички науки (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 2**

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е четврт според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 3**

Факултетот работи под назив: Факултет за политички науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФПН.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Political Science.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SPS.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на бул. Трета македонска бригада бр. 60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 4**

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, во рамки на добиените акредитации на студиските програми, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 5 – општествени науки, научно подрачје 507 - Политички науки и 510 - Психологија.

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата исокостручна дејност, Факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;

- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:
- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**
**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и стручњаци од практика кои предаваат на факултетот, почесен професор и професор емеритус, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**
**Член 8**

Наставно-научниот совет:
- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**
**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно-научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:
- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот и
- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна сорабока на Универзитетот и

- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на Наставно-научниот совет и која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот на дневниот ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Декан**
**Член 11**

Деканот е раководен орган на Факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**
**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, деканот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**
**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на Советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот, ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Разрешување на декан**
**Член 15**

На Деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

- биде разрешен;

- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**
**Член 16**

Деканот може да ги овласти продеканите за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**
**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава Деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**
**Катедри**
**Член 18**

Катедра е организациона единица на Факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите наставници, соработници и стучњаци од практиката кои предаваат во тековниот сместар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФПН се:

- Катедра за меѓународни односи и економска дипломатија и
- Катедра за психологија.

**Член 19**

Катедрите се грижат за:

- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;
- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;

- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Стаутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, кој се избира од редот на универзитеските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра раководи со катедрата и ги води нејзините седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри истовремено.

**Кластер на Деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**
**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на Деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:
- реализацијата на практичната настава на која се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка на Деловниот совет како Наставна база на Факултетот**
**Член 22**

Организација која е членка на Деловниот совет може да добие статус "наставна база" на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:
- Еден или повеќе вработени во организацијата изведуваат настава на Факултетот, како наставници, соработници или стучњаци од практиката;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се изведува преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички услови за обавување на дел од практичната настава.

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно- научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на "наставна база", има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФПН.

**Факултетско студентско собрание**
**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**
**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на Факултетот, во согласност со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно

соработници, која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на Факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој Статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Член 25

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 26

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на Факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

### Член 27

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Вон. проф. д-р Иван Додовски**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**Факултет за странски јазици**

# С Т А Т У Т
# на Факултетот за странски јазици

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, на својата 11-та седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултетот за странски јазици (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 2**

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е петти според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 3**

Факултетот работи под назив: Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФСЈ.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Foreign Languages.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SFL.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на бул. Трета македонска бригада бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 4**

Факултетот врши високообразовна дејност од прв и втор циклус на студии, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 6 – хуманистички науки, научно подрачје 612 – Наука за книжевноста и научно подрачје 604 – Наука за јазикот.

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата високостручна дејност, Факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;

- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:

- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**
**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите, лекторите, вишите лектори и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и експерти од практика кои предаваат на факултетот, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**
**Член 8**

Наставно-научниот совет:

- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во согласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**
**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно-научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:

- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот;
- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна соработка на Универзитетот; и
- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на Наставно-научниот совет и која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот на дневниот ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Декан**
**Член 11**

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**
**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, деканот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**
**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на Советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот, ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Разрешување на декан**
**Член 15**

На деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**
**Член 16**

Деканот може да ги овласти продеканите за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**
**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**
**Катедри и центри**
**Член 18**

Организациони единици на Факултетот се катедрите и центрите.

Катедрите и центрите ги сочинуваат сите наставници, соработници и експерти од практиката кои предаваат во тековниот семестар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФСЈ се:

- Катедра по англиски јазик

Центри на ФСЈ се:

- Центар за јазици.

**Член 19**

Катедрите и центрите се грижат за:

- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;

- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;
- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, додека со центарот раководи раководител на центарот, кој се избира од редот на универзитетските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра и раководителот на центарот раководат со катедрата и центарот и ги водат нивните седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри, односно центри истовремено.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**
**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на Деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:
- реализацијата на практичната настава на која се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот; и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка на деловниот совет како Наставна база на факултетот**
**Член 22**

Организација која е членка на Деловниот совет може да добие статус „наставна база“ на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:
- Еден или повеќе вработени во организацијата изведуваат настава на Факултетот, како наставници, соработници или експерти од практиката;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се врши преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички улсови за обавување на дел од практичната настава

  Наставната база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на „наставна база“, има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФСЈ.

**Факултетско студентско собрание**
**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**
**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој Статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници, која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на Факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој Статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 25**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Вон. проф. д-р Марјана Ванева**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Факултет за правни науки**

# С Т А Т У Т
**на Факултет за правни науки**

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки, на својата 9-та седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Факултет за правни науки (во натамошниот текст: Факултет), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 2**

Факултетот е единица во рамки на Универзитетот.

Факултетот е шести според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 3**

Факултетот работи под назив: Факултет за правни науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: ФПРН.

Називот на Факултетот на англиски јазик е: School of Law.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: SL.

Седиштето на Факултетот е во Скопје, на бул.3-та Македонска Бригада бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 4**

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, во рамки на добиените акредитации на студиските програми, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во научно поле 5 – општествени науки, научно подрачје 508 – правни науки.

**Член 5**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата високостручна дејност, Факултетот:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;

- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 6**

Органи на Факултетот се:
- Наставно-научен совет;
- Декан и
- Деканатска управа

Организациони единици на Факултетот се катедрите.

**Наставно-научен совет**
**Член 7**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот го сочинуваат редовните и вонредните професори, доцентите и соработниците кои се вработени на факултетот.

Право да присуствуваат на седниците на Наставно-научниот совет имаат и останатите наставници, соработници и експерти од практика кои предаваат на факултетот, како и претставници на студентите избрани од факултетското студентско собрание.

**Надлежност на Наставно-научниот совет**
**Член 8**

Наставно-научниот совет:
- донесува Статут на Факултетот, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Факултетот, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставно-научниот совет**
**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставно-научниот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Факултетот може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно - научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и:
- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на факултетот и
- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна сорабока на Универзитетот и

- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи Деканот на Факултетот, а во негово отсуство продеканот за настава.

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на наставно-научниот совет и која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржување на седницата, предлогот на дневниот ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Декан**
**Член 11**

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**
**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, Деканот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на факултетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од Ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува Ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Деканот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на декан**
**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на советот, утврдува еден или повеќе кандидати за декан и му ги доставува на Ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот, Ректорот именува декан на факултетот.

Именувањето на деканот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Декан на Факултетот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Декан на Факултетот се избира од редот на редовните и вонредните професори на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на доцентите.

**Разрешување на декан**
**Член 15**

На Деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:
- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Деканот на Факултетот може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на Деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, Ректорот назначува в.д. Декан согласно Статутот на Универзитетот.

**Продекани**
**Член 16**

Деканот може да ги овласти продеканите за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Продеканите се избираат од наставно-научниот совет на предлог на деканот за покривање на дејностите на факултетот во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Бројот на продекани и нивните активности се определува зависно од потребите на Факултетот.

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Деканатска управа**
**Член 17**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу 15 (петнаесет) члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици - катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава Деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:
- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Организациони единици**
**Катедри**
**Член 18**

Катедра е организациона единица на Факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите наставници, соработници и експерти од практиката кои предаваат во тековниот сместар, од соодветната студиска област и во согласност со меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачки полиња.

Катедри на ФПРН се:
- Катедра за правосудство.

**Член 19**

Катедрите се грижат за:
- следење на изведувањето на наставата, подговка на испити и слично;
- воведување во настава на нови професори;

- разгледување и усогласување на студиските програми за предметите што се во состав на катедрата;
- иницирање и поттикнување индивидуална и колективна научна и научноистражувачка работа и
- други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Член 20**

Со Катедрата раководи шеф на катедра, кој се избира од редот на универзитеските наставници или соработници, со мандат од две години. Шефот на катедра раководи со катедрата и ги води нејзините седници.

Еден наставник може да биде шеф на две или повеќе катедри истовремено.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**
**Член 21**

Со цел подобрување на соработката со членови на деловниот совет, Факултетот може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:
- реализацијата на праксите на кои се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Факултетот и
- други прашања од доментот на работа на Факултетот.

**Членка на деловниот совет како Наставна база на факултетот**
**Член 22**

Организација која е членка на деловниот совет може да добие статус "Наставна база" на Факултетот, доколку исполни еден од следните услови:
- Еден или повеќе вработени во организацијата вршат настава на Факултетот, како наставници, соработници или експерти од индустријата;
- Еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Факултетот;
- Дел од наставата на Факултетот се врши преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички услови за обавување на дел од практичната настава.

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставно- научниот совет на Факултетот.

Организацијата која има статус на "Наставна база", има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – ФПН.

**Факултетско студентско собрание**
**Член 23**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на Факултетот.

**Избор на претставници во Факултетското студентско собрание**
**Член 24**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој статут.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот на факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, Деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, се уредува со Статут на Факултетското студентско собрание кој се донесува во согласност со овој статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 25**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет на факултетот.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 27**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д Е К А Н**
**Вон. проф. д-р Марко Андонов**

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн**

# С Т А Т У Т
**на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн**

**Скопје**

**Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставничкиот совет на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн, на својата 7-ма седница одржана на 26.10.2018 година, го донесе следниот

**С Т А Т У Т**
**на**

**МЕЃУНАРОДНА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**
**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статусот, називот, начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, овластувањата, начинот на работа и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн (во натамошниот текст: Висока школа), како единица во состав на Универзитетот Американ Колеџ Скопје - Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 2. СТАТУС НА ВИСОКАТА ШКОЛА

**Член 2**

Високата школа е единица во рамки на Универзитетот.

Високата школа е седма според старешинство меѓу единиците на Универзитетот.

## 3. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ВИСОКАТА ШКОЛА

**Член 3**

Високата школа работи под назив: Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје.

Скратениот назив на Високата школа е: МВШАД.

Називот на Високата школа на англиски јазик е: International School for Architecture and Design.

Скратениот назив на Високата школа на англиски јазик е: ISAD.

Седиштето на Високата школа е во Скопје, на Ббул. "3-та Македонска бригада" бр.60, Скопје.

## 4. ДЕЈНОСТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА

**Член 4**

Високата школа врши високообразовна, односно уметничка дејност во научно поле 2 – техничко –технолошки науки, научни подрачја 201- Архитектура, урбанизам и планирање и научно поле 6 – хуманистички науки, подрачје 607 – ликовна уметност.

**Член 5**

Високата школа ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката високо-стручна дејност како единствен процес.

Во рамки на својата високостручна дејност, Високата школа:

- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе научни и стручни дисциплини во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и Законите;
- организира конгреси, конференции, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство, согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

## 5. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВИСОКАТА ШКОЛА

**Член 6**

Органи на Високата школа се:

- Наставнички совет;
- Директор и
- Управа на високата школа.

**Наставнички совет**
**Член 7**

Наставничкиот совет е стручен орган на Високата школа.

Наставничкиот совет на Високата школа го сочинуваат професорите, вишите предавачи и предавачите.

Право да присуствуваат на седниците на Наставничкиот совет имаат и останатите наставници, соработници, лаборанти и експерти од практика кои предаваат на Високата школа, како и претставници на студентите избрани од студентското собрание на Високата школа.

**Надлежност на Наставничкиот совет**
**Член 8**

Наставничкиот совет:

- донесува Статут на Високата школа, по претходна согласност на Универзитетскиот сенат и Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува план за работа на Високата школа, во огласност со Стратешкиот план на Универзитетот, а по претходно добиена согласност од Ректорската управа;
- утврдува еден или повеќе кандидати за директор и му ги доставува на ректорот, а по преходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот;
- донесува правилници, одлуки и заклучоци од негова надлежност, дава препораки, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења за одделни прашања кои се од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и статут на УАКС.

**Седници на Наставничкиот совет**
**Член 9**

Наставничкиот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат задолжително еднаш во месецот.

Седниците на Наставничкиот совет се одржуваат во термин предвиден со планот за работа на Универзитетот.

Наставничкиот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави или комеморативни седници во соодветни случаи.

Доколку тоа е потребно, Високата школа може да држи заеднички седници со два или повеќе наставно - научни совети, односно наставнички совети на други единици на Универзитетот.

Во работата на Наставничкиот совет учествуваат и:

- генералниот секретар на универзитетот или секретарот на високата школа и
- одговорниот службеник во службата за студентски прашања, а по потреба и одговорниот службеник за вмрежување и одговорниот службеник за Центарот за кариера и меѓународна соработка на Универзитетот и
- претставник на студентите.

**Член 10**

Седниците на Наставничкиот совет ги свикува и со нив раководи Директорот на Високата школа, а во негово отсуство заменик директорот или најстариот наставник.

Седниците на Наставничкиот совет се свикуваат со покана за седница која се испраќа во електронска форма до сите членови на наставничкиот совет и која содржи: датум, место, ден, време на одржување на седницата, предлог на дневен ред со придружни материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница.

**Директор**
**Член 11**

Директорот е раководен орган на Високата школа.

Директорот ја претставува Високата школа во земјата и во странство во доменот на образованието, а во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на директорот**
**Член 12**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, Директорот:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорот на Универзитетот;
- предлага план за работа на Високата школа;
- ги спроведува овластувањата пренесени од Ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон и Статутот на Универзитетот.

Директорот е должен, најмалку еднаш во годината до Наставничкиот совет и до Ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Директорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Високата школа и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на тие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Високата школа и за тоа го известува Ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

Директорот може дел од своите овластувања да пренесе на заменик директорот и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

**Избор на директор**
**Член 13**

Наставничкиот совет на Високата школа, со мнозинство од вкупниот број гласови на членовите на советот, утврдува еден или повеќе кандидати за директор и му ги доставува на Ректорот.

Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори на основачот на универзитетот, Ректорот именува директор на Високата школа.

Именувањето на директорот стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

**Член 14**

Директор на Високата школа се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Директор на Високата школа се избира од редот на професорите на единицата, а доколку не се избере од нив, се избира од редот на вишите предавачи, односно предавачите.

**Разрешување на директор**
**Член 15**

На Директоротот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:
- биде разрешен;
- поднесе оставка;
- му престанал работниот однос;
- во други случаи предвидени со Закон и Статутот на Универзитетот.

Директоротот на Високата школа може да биде разрешен согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Ако на Директоротот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, Ректорот назначува в.д. Директор согласно Статутот на Универзитетот.

**Заменик директор**
**Член 16**

Директоротот може да го овласти заменик директоротот за вршење на дел од неговите надлежности, права и обврски.

Заменик директоротот се избира од наставничкиот совет на предлог на директоротот за покривање на дејностите на високата школа во посебни области и тоа: за настава, за научно–истражувачка работа, за меѓународна соработка и други области.

Вршењето на должноста заменик директор е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Управа на Високата школа**
**Член 17**

Управата на високата школа е орган на управување на Високата школа што се состои од најмалку 5 (пет), а најмногу од 15 (петнаесет) члена.

Управата на високата школа ја сочинуваат директоротот, заменик директоротот и професори, виши предавачи, односно предавачи, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на наставничкиот совет за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од студентско собрание на високата школа.

Управата на високата школа ја свикува и со седниците претседава Директоротот.

Управата на високата школа во рамките на својата надлежност:
- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Високата школа и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања кои се во надлежност на Наставничкиот совет;
- врши и други работи определени со закон.

За работењето на Управата на високата школа се води записник.

**Кластер на деловниот совет - Одбор за соработка и доверба со јавноста**
**Член 18**

Со цел подобрување на соработката со членови на деловниот совет, Високата школа може да формира кластер, односно Одбор за доверба и соработка со јавноста.

Кластерот се состанува најмалку еднаш во семестар.

На седниците на кластерот редовно се разгледуваат:

- реализацијата на праксите на кои се упатуваат студентите;
- предлози за измени и дополнувања на наставните програми на Високата школа и
- други прашања од доментот на работа на Високата школа.

**Членка на деловниот совет како Наставна база на Високата школа**
**Член 19**

Организација која е членка на деловниот совет може да добие статус "Наставна база" на Високата школа, доколку исполни еден од следните услови:

- еден или повеќе вработени во организацијата вршат настава на Високата школа, како наставници, соработници, лаборанти или експерти од индустријата;
- еден или повеќе вработени во организацијата учествуваат во научно-истражувачката работа на Високата школа;
- дел од наставата на Високата школа се врши преку практични примери поврзани со организацијата или во просториите на самата организација, доколку Организацијата има просторни и технички услови за обавување на дел од практичната настава.

Наставна база ја утврдува Универзитетскиот сенат за период од три академски години, а на предлог на Наставничкиот совет на Високата школа.

Организацијата која има статус на "Наставна база", има право во својот назив/натпис во местото на нејзиното седиште да го користи терминот: Наставна база на Универзитет Американ колеџ Скопје – МВШАД.

**Студентско собрание на високата школа**
**Член 20**

Студентско собрание на високата школа е тело на Високата школа во кое членуваат претставници на студентите.

Студентско собрание на високата школа има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставничкиот совет на Високата школа.

**Избор на претставници во студентско собрание на високата школа**
**Член 21**

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, студентско собрание на високата школа ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на Високата школа, во согласност со закон, со статутот на Универзитетот и со овој статут.

Претставниците во студентското собрание на високата школа се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на студентското собрание на високата школа ги распишува директорот на Високата школа во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, Директорот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на студентско собрание на високата школа. Мнозинството на членови на изборната комисија го сочинуваат студентите.

Доколку директорот на Високата школа не ги распише изборите за студентското собрание на високата школа во рокот определен во ставот 3 на овој член, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Постапката за избор и бројот на членовите на студентското собрание на високата школа, се уредува со Статут на студентското собрание на високата школа кој се донесува во согласност со овој статут и со Статутот на Универзитетот.

## 7. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 22**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Високата школа, издавачката дејност и др., соодветно се применуваат во работењето на Високата школа.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставничкиот совет на Високата школа.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот Сенат, по претходно добиена согласност од Одборот на директори на основачот на Универзитетот.

**Член 24**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник (Билтен).

**Д И Р Е К Т О Р**
**м-р Инџи Селим**

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323